# Изработка на идеен проект за зафаќање на дел од водите на река Смилјанска за дотур на вода во акумулацијата на брана „Мантово“



Подолг временски период заради промена на климатските услови кои имаат директно влијание на состојбата на изворите на вода, како и развојот на стопанските дејности, инфраструктурата и навиките на населението во овој микро-регион има доста проблеми во редовното водоснабдување со вода за пиење и наводнување и тоа во зависност од годишното време и ноќната и дневната потрошувачка.

Со овој проект се предвидува да се даде решение за квалитетно микро-регионално водоснабдување на вода за пиење, наводнување на земјоделските површини и обезбедување на техничка вода за стопанството и индустријата.

## Краток преглед на проектот:

### Надлежен:
Центар за развој на Југоисточен плански регион

### Партнери:
- Општини Конче, Радовиш и Василево
- Водостопанско претприејатие „Радовишко Поле“

### Времетраење:
Октомври 2010 – Јануари 2011

### Финансирано од:
- Биро за регионален развој
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион
- Општини Конче, Радовиш и Василево

### Контакт:
Ристо Чивчиев - координатор на проектот
ул. Боро Џони бр. 10
2 400 Струмица
моб. 070/ 238-949
Тел. / факс 034/ 340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk



### Цели на проектот

- ➢ Зафаќање на дел од водите на река Смилјанска и изградба на цевковод во должина од 28,95 км до акумулацијата на брана Мантово, за зголемување на количините на вода за 7-8 милиони метри кубни
- ➢ Наводнување на земјоделските површини во зависност од потребите на засадените култури во површина од 5.200 ха од општините Радовиш, Конче и Василево
- ➢ Обезбедување на квалитетното водоснабување на вода за пиење на жителите од општината Радовиш и околните општини
- ➢ Обезбедување на техничка вода за потребите на стопанството во општината Радовиш
- ➢ Можности за искористување на водниот капацитет од акумулацијата на брана Мантово за производство на електрична енергија
- ➢ Овозможување на предуслови за развој на туризмот на вештачкото езеро Мантово и микро-регионот
- ➢ Подобрен биолошки баланс помеѓу флората и фауната
- ➢ Подобрувањеа на условите за живеење на населението

### Резултати од проектот

- ➢ Извршени геодетски мерења на трасата
- ➢ Извршени геолошки истражувања на трасата
- ➢ Изработен идеен проект
- ➢ Извршена ревизија на основниот проект за зафаќање на дел од водите на река Смилјанска за дотур на вода во акумулацијата на брана „Мантово“